# IN MEMORIAM

## М-р ДРАГАН ВЕЛКОВ
(1948—1985 г.)

Во мугрите, на 2 јули 1985 година ненадејно згасна животот на м-р Драган ВЕЛКОВ — ГАНЕ, предавач на Филозофскиот факултет во Скопје. Реалност неочекувана, шокантна за сите негови познаници, пријатели, колеги.

Драган Велокв е чедо на оваа наша Титова епоха. Неговиот краток животен пат започна во с. Турско Рудари, Пробиштипско, на 27 октомври 1948 година. Основно, средно и високо образование завршува со одличен успех. Дипломира на Филозофскиот факултет во учебната 1972/3 г., а веднаш потоа се вработува како приправник на групата за историја на Филозофскиот факултет во Скопје. Во 1975 година е избран за помлад асистент, а во 1978 година за асистент по предметот Историја на народите и народностите на Југославија — Нов век. Во 1980 година одлично го одбранува својот магистерски труд под наслов „Политиката на Кралството Србија спрема Македонија“ (1903—1908 г.) Во 1984 година е унапреден во звањето предавач по предметот Историја на народите и народностите на Југославија — Нов век.

Во центарот на неговиот научен опус се наоѓа неговиот магистерски труд. Ова обемно магистерско дело, базирано на богати изворни материјали и бројна литература, претставува евидентен придонес за современата македонска историографија. Неговиот поангажиран продор во научната сфера го најавија двата негови последни научни прилози објавени на страниците на Годишниот зборник. Во 1982 г. Велков пријави тема за докторска теза под наслов „Скопскиот револуционерен округ на ТМОРО“ (1893—1905 г.). Меѓутоа, смртта ги прекина неговите напори во тој правец.

Како приправник, асистент и најпосле, како наставник, Гане пројави евидентни педагошки квалитети. Беше омилен кај студентите и колегите поради својата пристапност, комуникативност и

несебичност. Посебно се истакна како секретар на Извршниот одбор на Синдикатот на Факултетот, како секретар на списанието Историја и како секретар на ННСГ за историја.

Како човек, Гане беше тивок, ведар, насмеан, жизнерадосен, со вроден, нему својствен, искричав хумор. Беше отворен, дружељубив, пријатен. Оттаму беше необично сакан и ценет во својата средина.

Почина Драган Велков на Пушкиновска возраст, токму пред процутот на своите наставно-научни квалитети. Физичкото исчезнување од нашата средина ја покоси неговата младост, ја урна неговата перспектива, ја згасна неговата надареност, грубо го пресече неговиот трасиран ȏд кон наставно-научните светлини.

Неговото предвремено заминување претставува неизмерна загуба за неговите блиски, за ННСГ за историја, за Филозофскиот факултет во Скопје.

Неговиот светол лик трајно ќе остане во нас.

Д. Димески